Грант за „**Изградба на мали нискотрошковни и еколошки системи за наводнување во Новаци и Сопот**”

На 16.12.2025год. се потпиша договор за добивање на директен грант на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со  Делегација на ЕУ за реализација на проектот „**Изградба на мали нискотрошковни и еколошки системи за наводнување во Новаци и Сопот**” кој е дел од годишниот акционен план (АП) на Република Северна Македонија за 2021 година, Акциски документ „ЕУ за зелена економија“.

Во рамките на овој проект ќе бидат изградени два системи за наводнување, кои ќе покриваат 290 хектари во Сопот и 305 хектари во Новаци. Активностите на проектот ќе опфатат придружни мерки како што се обука, промоција и кампања за подигање на свеста за да се промовира важноста на интервенцијата и улогата на МЗШВ и ЕУ во оваа иницијатива.

Инвестицијата е усогласена со стратешките документи и приоритети на Северна Македонија, кои вклучуваат употреба на одржливи земјоделски практики за зголемување на земјоделското производство за 20% и извозот на земјоделски производи за 15% до 2027 година.

Директна целна група на проектната акција ќе бидат земјоделците од областите Новаци и Сопот.

Главната цел е да се подобри и модернизира земјоделското производство во Република Северна Македонија, како и да  се опфатат нови земјоделски области во општините Сопот и Новаци со модерни системи за наводнување и со тоа да се постави основа за зголемено и поефикасно земјоделско производство. Исто така со овој проект би се  зголемила свеста и капацитетите на целните групи во однос на одржливите земјоделски практики и зелената транзиција во земјоделството.

Проектот е финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III 2021) како директен грант за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во висина од 4.1 мил € и национално кофинансирање во висина од 1.5 мил €, и е со времетраењето од 30 месеци.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство